## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1142/1
24 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
Д-р **Ѓорге Иванов** с.р.

Претседател
На Собранието на Република
Македонија
**Трајко Вељановски,** с.р.

## З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА

### Член 1

Во Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа (“Службен весник на Република Македонија” број 124/10), во членот 11 ставот (3) се менува и гласи: “За избирање на директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се

издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик ”.

Ставот (5) се менува и гласи: “За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на информатичките и комуникациските технологии;
4) има специјалистички знаења од областа на информатичките и телекомуникациските технологии;
5) има минимум пет години работно искуство од областа на информатичките и комуникациските технологии;
6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години: - ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода, - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен, - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)
7) има стручни и организациски способности;
8) да понуди најквалитетна Програма за работа на МАРнет и
9) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

**Член 2**

Директорот на МАРнет избран до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е избран.

**Член 3**

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.